Врз основа на членот 37-м од Законот за Јавните Претпријатија и членот 20 од Правилникот за формата и содржината на Јавниот Оглас за вработување и интерниот оглас за унапредување, начинот на поднесување на пријавата за вработување и унапредување , начинот на спроведување на селекцијата за вработување и за унапредување, како и начинот на бодирање за даватели на јавните услоги со Бр.02-393/6 од 13.06.2017 год., Директорот на ЈП Комуналец, Кавадарци , го донесе следното

Јавно претпријатие за комунални работи
КОМУНАЛЕЦ
Бр. 04-352/25
17-04 2025 год.
КАВАДАРЦИ

**О Д Л У К А за прием**
**на работници на неопределено време**

**1. За работното место „Метач„** во одделение за одржување на јавна чистота во Сектор за јавно зеленило – 2 (двајца ) извршители и тоа :

**1.Сашко Милиќ и**

**2.Младен Јовков**

**2. За работното место „Работник на мала рачна метачка„** во одделение за одржување на јавна чистота Сектор за јавно зеленило , 1 (еден) извршител и тоа :

**1.Анѓел Димов**

**3.**За работно место „**Работоводител „** во одделение за одржување на јавна чистота Сектор за јавно зеленило 1 – еден изршител и тоа :

**1.Ристо Мицев**

**4.** За работното место **„Работник во зеленило„** во одделение за хортикултура во Сектор за јавно зеленило 1 (еден ) извршител и тоа :

**1.Лазо Милошев**

**5.**За работно место **„Одговорен за расадник„** во одделение за хортикултура , Сектор за јавно зеленило – 1 (еден) извршител и тоа :

**1.Анета Тодорчева**

**6. За работното место „Возач на возило метачка „** во одделение за одржување на јавна чистота Сектор за јавно зеленило , 1 (еден) извршител и тоа :

**1.Ацо Сиљанов**

**7.** За работно место **„Работник со помошни машини „** во одделение за хортикултура , Сектор за јавно зеленило – 1 (еден) извршител и тоа :

**1.Живко Стојанов**

**8.** За работно место **„Возач на специјално комунално возило„** во одделение за одржување на механизација и возила „ Сектор за комунална хигиена – 3 (тројца) извршители и тоа :

**1.Зоран Јованов**

**2.Ристе Коцев**

**3.Николчо Лазов**

9.За работно место **„Бравар„** во одделение за одржување на механизација и возила „ Сектор за комунална хигиена – 2 (двајца) извршители и тоа

**1.Дејан Дамјановски**

**2.Ќиро Нушев**

**10.** За работно место **„Автомеханичар „** во одделение за одржување на механизација и возила „ Сектор за комунална хигиена – 1 (еден ) извршител и тоа:

1.**Зоран Стојанова**

Сите погоре наведени избрани кандидати за на неопределено работно време , да бидат одјавени од АВРСМ со престанок на нивниот работен однос на определено работно време, и истите да се пријават во работен однос на неопределено работно време во ЈП Комуналец Кавадарци.

Во рок од 5 (пет ) дена по конечноста на одлуката за избор, со избраните кандидати да се склучи договор за вработување на неопределено работно време согласно позитивните законски прописи .

Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето.

# О б р а з л о ж е н и е

Директорот на ЈП Комуналец, Кавадарци на ден 26.02.2025 год., донесе Одлука бр.04-352/2 за спроведување на постапка за прием на работници-даватели на услуги на неопределено работно време, при што беше објавен Оглас бр.04-352/5 од 14.03.2025 год., во три дневни печати и на веб страната на Јавното претпријатие , со траење од 15 дена.

На вака објавениот Оглас се пријави 15(петнаесет) кандидати со целокупната потребна документаци и уредно потполнети пријави.

Постапката за административна селекција за проверка на внесените податоци во пријавите со условите во јавниот оглас и приложените докази во пријавата се спроведи на ден 10.04.2025 год., при што од страна на Комисијата во полн состав на Записник бр.04-352/23 беше уредно спроведена за сите уредно пријавени 15 (петнаесет ) кандидати , за да покасно се закаже на ден 17.04.2025 год., и се спроведи и одржи интервјуто со вкупно 14 (четиринаесет) кандидати пријавени на овој оглас освен за еден кандидат со некомплетна документација утврдено во правата фаза – селекцијата на поднесените документација , за што беше составен и Записникот бр.04-352/24 од 17.04.2025 год., по што беше изготвена и конечна ранг листа на пријавените кандидати и предлог одлука за избор на рангираните кандидати, согласно на која изготвена документацијаво самата постапка се донесена и оваа одлука за избор.

Од сето погоре наведено се одлучи како во диспозитивот на ова решение .

**Правна поука:** Против ова Решение незадоволниот кандидат има право во рок од 8(осум) дена да поднесе жалба до Управниот Одбор на претпријатието.

Доставено до :
-Архива
- Работници
- Досие

**ЈП „Комуналец„-Кавадарци**
**Директор**

**/ Гоце Ангеловски /**